ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: 24. 06. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia. Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 36351 | 1 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139,144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

Пратеници:

В О В Е Д

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за здравственото осигурување се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување.

Правото на паричен надоместок за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, согласно закон, е задолжителното здравствено осигурување. Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство по својот социјален карактер е обврска на државата и заради тоа што бременоста, раѓањето и мајчинството не преставува болест, туку планирање на семејство кое согласно Уставот е обврска за државата и е на товар на Републичкиот буџет заради што правото на здравствената заштита треба да биде дел од задолжителниот здравствен систем.

Но, сите овие права иако законски регулирани, со постојните одредби се ограничувачки во однос на категориите на осигуреници кои ги користат. Ваквото привилигирање во остварување на правото за користење на платено родителско отсуство и боледување доведува до исклучување на определена категорија на осигуреници. Имено жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени како категорија од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство.

Иако законите за здравствено осигурување обезбедуваат права за породилно отсуство и надоместок, во пракса тие најчесто се применуваат кај жени во формален работен однос. Жените земјоделки, и покрај тоа што се самовработени и уплатуваат придонеси, често се исклучени од овие права. Голем дел од земјоделките не се регистрирани како осигуренички по основ на самостојна дејност. Многу од нив се работно активни, но неформално и без соодветна документација и без пристап до здравствени и социјални придобивки.

Жените во руралните средини се соочуваат со повисоко ниво на сиромаштија, ограничен пристап до информации и висока зависност од земјоделската работа како извор на приход. Во отсуство на паричен надоместок за време на породилно отсуство, тие се принудени да продолжат со физички напорна работа и за време на бременост, што претставува ризик за нивното и здравјето на детето.

Голем дел од жените земјоделки не се информирани дека имаат право да се осигураат и да добијат породилно отсуство. Мал број од нив се формално регистрирани како индивидуални земјоделки и уплатуваат придонеси, што дополнително ги исклучува од социјалните механизми.

Постоечките состојби укажуваат на јасна потреба од правно уредување и експлицитна гаранција на правата на жените земјоделки, институционално прилагодување и поедноставени процедури, зголемување на информираноста и поддршката ви руралните заедници и подобра евиденција и анализа на искористеноста на овие права.

Заради горенаведените причини потребно е донесување на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Преку ова законско решение ќе се овозможи жените кои се ангажирани во земјоделската дејност и се осигурани преку Фондот за здравствено осигурување, под исти услови како и другите осигурани жени да го остварат правото на платен надоместок за време на бременост и породилно отсуство. Со уредување на ова право ќе се овозможи еднаквост, транспарентно и инклузивно делување меѓу жените вработени во формалниот сектор и оние кои самостојно работат како земјоделки.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се потребни финансиски средства и истиот ќе има финасиски последици врз републичкиот Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ " бр. 25/2000; 34/2000; 96/2000; 104/2000; 30/2001; 48/2001; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 119/2005; 37/2006; 109/2006; 18/2007; 36/2007; 88/2007; 88/2007; 106/2007; 82/2008; 98/2008; 142/2008; 6/2009; 45/2009; 67/2009; 14/2010; 50/2010; 156/2010; 19/2011; 53/2011; 166/2011; 26/2012; 65/2012; 145/2012; 16/2013; 91/2013; 187/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 112/2014; 113/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016; 171/2017; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019; 92/2020; 77/2021; 285/2021; 60/2023; 154/2023; 209/2023) во член 14 во ставот 1 зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“.

Член 2

Основица за пресметка на надоместокот на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство за осигурениците од членот 5 став 1 точка 4 од овој закон е минималната плата која министерот за социјална политика, демографија и млади, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон и висината на надоместокот кое Фондот го исплаќа на осигурениците за правото од породилно отсуство не може да биде помал од минималната плата.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Предлог законот за изменување на Законот за здравственото осигурување содржи 3 члена.

Со членот 1 се предвидува правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство да можат да остварат осигурениците индивидуални земјоделци.

Со овој Предлог на закон основица за пресметка на породилното отсуство за осигурениците од членот 5, став 1, точка 4 од Законот за здравственото осигурување е минималната плата која министерот за социјална политика, демографија и млади ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон и висината на надоместокот кое Фондот го исплаќа на осигурениците за правото од породилно отсуство не може да биде помал од минималната плата е уреден во членот 2 од законот.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават единствена правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се обезбедат позитивни социјални и здравствени последици. Ќе се обезбеди подобра заштита на мајчиното и детското здравје, особено во руралните средини каде што пристапот до здравствената и созијална заштита е ограничен. Жените земјоделки ќе имаат можност за законски одмор од работа во периодот кога се најранливи, без да се изложуваат на финансиски притисоци. Ова законско решение ќе ги изедначи со другите жени осигуреници и ќе ги мотивира жените земјоделки да се регистрираат како осигуреници и редовно да ги плаќаат придонесите, што индиректно би го зајакнално финансискиот капацитет на системот.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 14

Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон.

Надоместокот од ставот 1 на овој член се исплатува за временскиот период утврден со прописите од областа на работните односи.

Средствата за остварување на правото од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку надлежен орган.